**ОБРАЌАЊЕ НА МО МИСАЈЛОВСКИ НА СВЕЧЕНОСТА**

**ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ**

27.03.2025 – касарна Илинден

Почитувани началник на ГШ,

Почитуван заменик началник на ГШ

Почитуван директор на ГШ,

Почитувани генерали, офицери, подофицери и војници

Почитувани присутни,

дами и господа,

Македонија и ние како нејзини граѓани го живееме можеби и најтешкиот период од нашата независност. Изминатите три декади се боревме за меѓународно признавање, за зачувување на нашата самобитност, за нашата култура и за нашите традиции.

Денеска се бориме со сопствените чувства. Понесени од незамисливата болка која ја чувствува секој еден од нас, се бориме со чувството на тага, жал, бес, чувството дека секој од нас може и мора да направи и повеќе и подобро за Македонија да биде организирана, правна и праведна држава.

Секој од нас мора да ги почитува правилата во оваа држава, правата на другите и вредностите кои толку многу сакаме да ги видиме во нашето општество. Само така ќе бидеме дел од решението!

Загинаа 59 млади деца сите сме огорчени и преставува најголема тага за целата нација!

Но, денеска го одбележуваме Денот на Генералштабот на македонската Армија, Армија која во очите на секој еден граѓанин е слика на една организирана и функционална структура.

Упатувам благодарност на секој еден припадник на Генералштабот за нивната посветеност на службата. Им се заблагодарувам што секојдневно со нивното неуморно и професионално извршување на задачите и одговорностите покажуваат како се сака сопствената држава.

Благодарност до сите армиски припадници кои во исклучително тешки услови, обременети од сопствената човечка емпатија се надминаа себе си и во ова траорно време на најпрофесионален начин се вклучија во поддршка на сите институции. Тука сакам да ви се заблагодарам од се срце.

Професионалноста на припадниците на Генералштабот ја гледаме денес, но беше видлива и во далечната 1992 година кога токму на датумот кога го одбележуваме нивниот ден беше превземен објектот кој денеска е седиште на Министерството и Генералштабот. Тие професионалци водеа исклучително важни процеси – од воспоставувањето на армиската структура, до успешното

спроведување на трансформациите на вооружените сили, вклучително и професионализацијата на Армијата, до поставувањето на стандарди кои ни овозможија денеска да бидеме полноправна земја-членка на Алијансата.

Од оваа говорница, упатувам уверување дека заедно со Генералштабот, заедно со началникот заедно со сите генерали, заедно со вас ќе продолжиме посветено да работиме на развој и модернизација на Армијата кои ќе придонесат за градење на отпорнос не само во нашето општество туку и во регионот и пошироко.

Македонската Армијата е столб на државноста и секогаш достапна за поддршка на македонските граѓани.

Да живее Армијата!

Да живее Македонија!